**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Фросина Петровиќ-Стојмановска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Куманово,Кратово и Крива Паланка**
**ул.Ленинова бр.1 влез 1 кат 1**
**тел. 031/410-440**

**Образец бр.66**

**И.бр. 444/2022**

Извршителот Фросина Петровиќ-Стојмановска од Куманово, ул.Ленинова бр.1 влез 1 кат 1 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Насер Незири од Куманово со ЕМБГ и живеалиште на ул.Романија бр.3 преку полномошник Адвокат Момчило В.Доцевски, засновано на извршната исправа 08 П4 бр.102/21 од 07.03.2022 година на Основен суд Куманово, против должникот Владица Смилевски од Куманово со ЕМБГ и живеалиште на ул.3-та МУБ бр.172/1-24, за спроведување на извршување во вредност 615.000,00 денари на ден 13.05.2024 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како КП.бр.20757, запишана во **имотен лист бр.47612 при АКН на СМ – ЦКН Куманово** со следните ознаки:

**ЛИСТ В:**

- КП.бр.20757, дел 1, адреса 3 МУБ, бр. на згр.1, нам.на згр. СТАМБЕНА ЗГРАДА-СТАН, влез 1, кат 6, број 24, внатрешна површина од 74 м2;
- КП.бр.20757, дел 1, адреса 3 МУБ, бр. на згр.1, нам.на згр. ЛОЃИИ,БАЛКОНИ И ТЕРАСИ, влез 1, кат 6, број 24, внатрешна површина од 4 м2;
- КП.бр.20757, дел 1, адреса 3 МУБ, бр. на згр.1, нам.на згр. ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ, влез 5, кат ПО, број П20, внатрешна површина од 3 м2;
  сопственост на должникот Владица Смилевски од Куманово.

Продажбата ќе се одржи на ден 12.06.2024 година во 12 часот во просториите на извршителот Фросина Петровиќ-Стојмановска, ул.Ленинова бр.1, влез 1, кат 2, Куманово.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок за утврдување на вредност на недвижност (врз основа на член 177 од Законот за извршување) образец бр. 64 од 29.08.2023 година за И.бр.444/2022 на Извршител Фросина Петровиќ-Стојмановска, а намалена на предлог на доверитолот за една третина изнесува **3.317.653,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второ јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Заложно право хипотека од 06.05.2011 година врз основ на нотарски акт договор за заложно право ОДУ.бр.452/11 Нотар Јорданка Митевска во корист на заложен доверител Охридска Банка АД Охрид и Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) образец бр. 57 од 20.10.2022 година за И.бр.444/2022 на Извршител Фросина Петровиќ-Стојмановска. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за

предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 240140114544315 која се води кај УНИ Банка АД Скопје и даночен број 5017020507118.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Фросина Петровиќ-Стојмановска

Д.-на: Д.-на: -доверител Насер Незири
-должник Владица Смилевски
- Град Куманово - Сектор за фин. Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци
-Шпаркасе Банка АД Скопје
-УЈП Регионална дирекција Штип

Република Северна Македонија — ИЗВРШИТЕЛ ФРОСИНА ПЕТРОВИЌ СТОЈМАНОВСКА — Куманово, Крива Паланка и ...

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.